# ИЛИРИКА ФУНД МЕНАЏМЕНТ А.Д. – Скопје
## Друштво за управување со фондови

## ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ
**за периодот кој заврши на 31 декември 2016,**
**со извештај на независниот ревизор**

# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ
## за периодот кој заврши на 31 декември 2016
## со извештај на независниот ревизор

## СОДРЖИНА


| | Страна |
|---|---|
| ИЗВЕШТАЈ НА РЕВИЗОРИТЕ | 3 - 5 |
| БИЛАНС НА УСПЕХ | 6 |
| ИЗВЕШТАЈ ЗА СЕОПФАТНА ДОБИВКА | 7 |
| ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКА СОСТОЈБА | 8 |
| ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИТЕ ТЕКОВИ | 9 |
| ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОМЕНИТЕ НА ГЛАВНИНАТА | 10 |
| БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ | 11 - 28 |

**Додатоци**

**Додаток 1- Годишна сметка**

**Додаток 2- Годишен извештај за работа**

| Б и Љ,<br>Боро и Љупчо<br>д.о.о. – Скопје | Ревизија, Проценка и Финансиски<br>Консалтинг | Дрезденска бр 52<br>1000 Скопје<br>Македонија | Тел: + 389 (02) 3066-604<br>+ 389 (02) 3061-185<br>Факс:+389 (02) 3094-919 |
|---|---|---|---|

## ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР

**ДО СОБРАНИЕТО НА АКЦИОНЕРИ НА**
**Друштвото за управување со фондови**
**ИЛИРИКА ФУНД МЕНАЏМЕНТ АД - СКОПЈЕ**

Ние извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на ИЛИРИКА ФУНД МЕНАЏМЕНТ АД - Скопје што ги вклучуваат Извештајот за финансиска состојба заклучно со 31 декември 2016 година, како и билансот на успех, Извештајот за сеопфатна добивка, Извештајот за промени во главнината и Извештајот за парични текови за годината што заврши тогаш и прегледот на значајните сметководствени политики и други објаснувачки белешки.

*Одговорност на раководството за финансиските извештаи*

Раководството на Друштвото е одговорно за подготвувањето и објективното презентирање на овие финансиски извештаи во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување што се прифатени и објавени во Република Македонија и за интерна контрола што е релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи што се ослободени од материјално погрешно прикажување, без разлика дали е резултат на измама или грешка.

*Одговорност на ревизорот*

Наша одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи врз основа на нашата ревизија. Ние ја спроведовме нашата ревизија во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија кои се во примена во Република Македонија, објавени во Службен весник на Република Македонија број 79 од 2010 година. Тие стандарди бараат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата за да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешно прикажување.

Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на ревизорски докази за износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризиците од материјално погрешно прикажување на финансиските извештаи, без разлика дали е резултат на измама или грешка.
Кога ги прави тие проценки на ризикот, ревизорот ја разгледува интерната контрола релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи на Друштвото за да обликува ревизорски постапки што се соодветни во околностите, но не за целта на изразување на мислење за ефективноста на интерната контрола на Друштвото.

Ревизијата исто така вклучува и оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на раководството, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Ние веруваме дека ревизорските докази што ги имаме прибавено се доволни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

*Мислење*

Според наше мислење, финансиските извештаи објективно ја презентираат, од сите материјални аспекти, финансиската состојба на ИЛИРИКА ФУНД МЕНАЏМЕНТ АД - Скопје заклучно со 31 декември 2016 година, како и неговата финансиска успешност и неговите парични текови за годината што заврши тогаш во согласност со сметководствените стандарди прифатени Република Македонија.

**Извештај за други правни и регулативни барања**

Раководството на Друштвото, исто така, е одговорно за подготвување на годишниот извештај за работа во согласност со член 384 од Законот за трговски друштва. Наша одговорност во согласност со Законот за ревизија е да известиме дали годишниот извештај за работа е конзистентен со годишната сметка и финансиските извештаи за годината што заврши на 31 декември 2016 година. Нашата работа во однос на годишниот извештај за работа е извршена во согласност со МСР 720 и е ограничена на известување дали историските финансиски информации прикажани во годишниот извештај за работа се конзистентни со годишната сметка и ревидираните финансиски извештаи.

Финансиските информации во годишниот извештај за работа се конзистентни, во сите материјални аспекти, со годишната сметка и ревидираните финансиски извештаи на ИЛИРИКА ФУНД МЕНАЏМЕНТ АД - Скопје за годината што заврши на 31 декември 2016 година.

Скопје, 24 март 2017 година

Управител

Атанасовски Борислав

Ревизија, проценка и финансиски консалтинг
Б и Љ, Боро и Љупчо
д.о.о - Скопје

Управител

Атанасовски Борислав

## ИЛИРИКА ФУНД МЕНАЏМЕНТ АД - Скопје

## БИЛАНС НА УСПЕХ
**за периодот кој завршува на 31 декември 2016 година**

| **во илјади денари** | **Белешка** | **2016** | **2015** |
|---|---|---|---|
| Приходи од провизии | 5 | 6.096 | 4.974 |
| Останати оперативни приходи | | 131 | 21 |
| Трошоци за вработените | 6 | -1.749 | -1.571 |
| Трошоци за реклама и репрезентација | 7 | 15 | -133 |
| Амортизација | | -125 | -155 |
| Трошоци за наемнини | 8 | -260 | -203 |
| Останати оперативни расходи | 9 | -3.092 | -2.474 |
| **Оперативна добивка** | | **1.016** | **459** |
| Приходи од финансирање | 10 | 32 | 24 |
| Расходи од финансирање | 10 | | |
| **Добивка пред оданочување** | | 1.048 | 483 |
| Данок од добивка | | -127 | -75 |
| **Добивка по одданочување** | | **921** | **408** |
| Основна заработувачка по акција во МКД | 21 | 18.43 | 8.16 |

**Скопје, 24 март 2016 година**

**Главен Извршен Директор**

**Коста Костадиновски**

ILIRIKA
Друштво за управување со инвестициски фондови
ИЛИРИКА ФУНД МЕНАЏМЕНТ АД Скопје

**Придружните белешките се составен дел на овие финансиски извештаи**

## ИЛИРИКА ФУНД МЕНАЏМЕНТ АД - Скопје

## ИЗВЕШТАЈ ЗА СЕОПФАТНА ДОБИВКА ЗА 2015 ГОДИНА

| **во илјади денари** | **Белешки** | **2016** | **2015** |
|---|---|---|---|
| **Нето добивка за периодот** | | **921** | **408** |
| Друга сеопфатна добивка: | | | |
| Нереализирани добивки (загуби) од вложувања расположливи за продажба | | | |
| **Вкупна друга сеопфатна добивка** | | **-** | **-** |
| **ВКУПНА СЕОПФАТНА ДОБИВКА (ЗАГУБА) ЗА ПЕРИОДОТ** | | **921** | **408** |

**Придружните белешките се составен дел на овие финансиски извештаи**

## ИЛИРИКА ФУНД МЕНАЏМЕНТ АД - Скопје

## ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКА СОСТОЈБА
**за периодот кој завршува на 31 декември 2016 година**

| **во илјади денари** | **Белешка** | **2016** | **2015** |
|---|---|---|---|
| **СРЕДСТВА** | | | |
| Парични средства | 11 | 206 | 205 |
| Депозити во банки | 12 | 1.040 | 740 |
| Побарувања од купувачи | 13 | 1.090 | 578 |
| Останати тековни средства и АВР | 14 | 12 | 45 |
| Залихи | | 6 | 6 |
| Нематеријални средства | 15 | 1.074 | 1.190 |
| Опрема | 16 | 55 | 25 |
| **Вкупно тековни средства** | | **3.483** | **2.789** |
| **ВКУПНО СРЕДСТВА** | | **3.483** | **2.789** |
| **ОБВРСКИ И ГЛАВНИНА** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Обврски спрема добавувачи | 17 | 277 | 377 |
| Останати тековни обврски и ПВР | 18 | 212 | 104 |
| Обврски по заеми | 19 | 659 | 894 |
| | | **1.148** | **1.375** |
| **Главнина** | | | |
| Акционерски капитал | | 30.653 | 30.653 |
| Ревалоризациони резерви | | 1.204 | 1.204 |
| Законски резерви | | 26 | 26 |
| Акумулирана добивка/загуба | | -29.548 | -30.469 |
| | | **2.335** | **1.414** |
| **ВКУПНО ОБВРСКИ И ГЛАВНИНА** | | **3.483** | **2.789** |

**Скопје,24 март 2017 година**

**Главен Извршен Директор**

**Коста Костадиновски**

ILIRIKA
Друштво за управување со ... фондови
ИЛИРИКА ФУНД МЕНАЏМЕНТ АД Скопје

**Придружните белешките се составен дел на овие финансиски извештаи**

# ИЛИРИКА ФУНД МЕНАЏМЕНТ АД - Скопје

## ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИОТ ТЕК
**за годината завршена на 31 декември 2016 година**

| во илјади денари | 2016 | 2015 |
|---|---|---|
| **А. Парични текови од оперативни активности** | | |
| Парични принања од провизии/надоместоци | 5.584 | 5.136 |
| Парични примања од останати приходи | 64 | -24 |
| Исплатени бруто плати и трошоци за вработените | -1.640 | -1.656 |
| Исплатени трошоци за реклама и репрезентација | -15 | -133 |
| Исплата за набавки на залихи | - | - |
| Исплатени останати трошоци и агенциска провизија | -3.451 | -2.386 |
| Платен данок на добивка на непризнаени расходи | -38 | -56 |
| Нето готовински приливи од деловни активности | **504** | **881** |
| **Б. Парични текови од вложувачки активности** | | |
| Примени камати | 32 | 24 |
| Директни набавки на опрема | | -334 |
| Продажба на основни средства | | 234 |
| Повлечени (дадени) депозити во банки | -300 | -339 |
| Стекнување вложувања во удели на инвестициски фондови | - | - |
| Нето готовински одливи од инвестициони активности | **-268** | **-415** |
| **В. Парични текови од финансиски активности** | | |
| Платени камати на позајмици | | |
| Корекции по проценка | | -97 |
| Заеми (вратени) позајмици | -235 | -184 |
| Нето готовински одливи од финансиски активности | **-235** | **-281** |
| **Намл/зголем. на паричните средства и еквиваленти** | **1** | **185** |
| **Парични средства и еквиваленти на почеток на годината** | **205** | **20** |
| **Парични средства и еквиваленти на 31.12.2016 година** | **206** | **205** |

**Придружните белешките се составен дел на овие финансиски извештаи**

# ИЛИРИКА ФУНД МЕНАЏМЕНТ АД - Скопје

## ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОМЕНИТЕ ВО ГЛАВНИНАТА
## за периодот кој завршува на 31 декември 2015 година

| во илјади денари | Акционерски капитал | Ревалоризац. резерва | Законски резерви | Нераспре. добивка | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| **Состојба 1.01.2016** | **30.653** | **1.204** | **26** | **-30.469** | **1.414** |
| **Сеопфатна добивка** | | | | | |
| Добивка за 2016 година | | | | 921 | 921 |
| Корекции по проценка | | | | | 0 |
| **Вкупна сопфатна добивка** | | | | **920** | **920** |
| **Трансакции со сопствениците** | | | | | |
| **Состојба на 31.12.2016** | **30.653** | **1.204** | **26** | **-29.548** | **2.335** |

| во илјади денари | Акционерски капитал | Ревалоризац. резерва | Законски резерви | Нераспре. добивка | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| **Состојба 1.01.2015** | **30.653** | **1.267** | **26** | **-30.843** | **1.103** |
| **Сеопфатна добивка** | | | | | |
| Добивка за 2015 година | | | | 408 | 408 |
| Корекции по проценка | | -63 | | -34 | -97 |
| **Вкупна сопфатна добивка** | | | | **408** | **408** |
| **Трансакции со сопствениците** | | | | | |
| **Состојба на 31.12.2015** | **30.653** | **1.204** | **26** | **-30.469** | **1.414** |

**Придружните белешките се составен дел на овие финансиски извештаи**